ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО

ТОП ВЕСТИ:

- Нови средства од Министерството за култура за продолжување на реконструкцијата на Спомен-домот АСНОМ
- По 30 години од изградбата се врши реконструкција на регионалниот пат за с. Габрово
- Зголемен бројот на општинските стипендии
- Одбележан Денот на мајчиниот јазик


ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР

# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 44 ФЕВРУАРИ 2024


## Нови средства од Министерство за култура за продолжување на реконструкцијата на Спомен-домот АСНОМ



## По 30 години од изградбата се врши реконструкција на регионалниот пат за с. Габрово



## Зголемен бројот на општинските стипендии



## Одбележан Денот на мајчиниот јазик




Општина Делчево
Ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1
tel. +38933411550
web: delcevo.gov.mk
email: info@delcevo.gov.mk

## Зголемен бројот на општинските стипендии



Советниците на 32 Седница на Советот на Општина Делчево едногласно донесоа Одлука за зголемување на бројот на општинските стипендии за одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо“ кои постигнале особено висок успех во образованието. Согласно оваа Одлука, бројот на стипендии во категоријата одлични ученици со особено висок успех се зголемува од 8 стипендии на 16. Одлуката е резултат на неискористените средства од категоријата општински стипендии за студнети кои по објавениот повик и согласно доставените апликации од заинтересираните студенти кои студираат на државните факултети, останаа нераспределени средства.

На Седницата, советниците донесоа и одлуки од областа на урбанистичкото планирање.

Совет на Општина Делчево

Актуелности

# Се реконструира регионалниот пат за с. Габрово




По 30 години од изградбата се врши реконструкција и проширување на регионалниот пат кој води до с. Габрово. Екипи на ЈП за одржување регионални и магистрални патишта започнаа со градежните работи за реконструкција и проширување на овој пат, а согласно проектот, реконструкцијата предвидува санација и поставување нов асфалт во должина од 1,7 км, поставување банкини и проширување на патот на 5 метри ширина.

Градоначалникот Трајковски кој направи увид во работите, истакна дека реализацијата на овој регионален пат е одговор на барањата на жителите од с. Габрово.

-Регионалниот пат за с. Габрово беше во многу лоша состојба и горлив проблем за жителите повеќе од 30 години. Ме радува фактот што ЈП ги слушна нашите барања и одговори конкретно со вредна инвестиција која значи подобар квалитет на животот на жителите од ова село, но и на сите граѓани кои гравитираат на овој дел од Општината. Со реконструкцијата, жителите ќе добијат современа патна инфраструктура што ќе придонесе за поголема безбедност во сообраќајот. Ова е уште еден доказ за нашата посветена работа и доказ дека работиме плански и по приоритети и во интерес на граѓаните, рече Трајковски.

Реконструкцијата на регионалниот пат за с. Габрово чини 21, 3 милиони денари средства преку Програмата на ЈП. Градежните работи ги извршува ЈП за одржување регионални и магистрални патишта.

Градоначалникот Трајковски истакна дека по завршување на работите на овој патен правец, екипите на ЈП за одржување магистрални и регионални патишта ќе продолжат со реконструкцијата на регионалниот пат за с. Разловци со што ќе се дозаврши реконструкцијата на регионалниот пат по целата негова должина, за што се обезбедени 10 милиони денари.

Актуелности

# Општина Делчево објави јавна набавка за изработка на тех. документација за изградба на кружни крстосници



Општина Делчево објави јавна набавка на услуги „Изработка на техничка документација за изградба на кружни крстосници преку проектот–Подобрување на сообраќајните услови и безбедноста во сообраќајот преку изградба на кружни крстосници во Делчево.

За реализација на набавката се обезбедени парични средства во вкупен износ од 1.995.480,00 денари од склучен Грант за изработка на техничка документација преку Фондот за техничка документација кој е воспоставен со поддршка на Проектот на УНДП (United Nations Development Programme) „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти“ финансиран од Шведската агенција за меѓународна соработка (Сида) и Бирото за регионален развој.

За проектирање се предвидени следниве крстосници:

–Првата крстосница е класична четирикрака крстосница регулирана со хоризонтрална и вертикална сигнализација помеѓу ул. „Индустриска“ (R2343), ул. „Македонска“ и Булевар Македонија (А3).

-Втората крстосница е асиметрична сложена крстосница помеѓу ул. „Методи Митевски Брицо“ и Булевар Македонија (А3) на која сообраќајот е регулиран со семафори и со хоризонтална и вертикална сигнализација.

-Третата крстосница е класична четирикрака крстосница регулирана со хоризонтална и вертикална сигнализација помеѓу ул.„Скопска“, ул. „Методи Митевски Брицо“ и Булевар Македонија (А3).

Како критериум за избор на најповолна понуда ќе се користи економски најповолната понуда врз основа на: **најдобриот однос помеѓу цената и квалитетот .**

Отворањето на понудите е јавно, а ќе се изврши на ден **12.02.2024 година во 9:00 часот** во време определено во тендерската документација како краен рок за поднесување на понудите, на следнава локација Општина Делчево со седиште на ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1 во Делчево, сала за состаноци.

# Нови средства за продолжување на реконструкцијата на Спомен-домот АСНОМ

Актуелности



Градоначалникот Горан Трајковски го потпиша Договорот со министерката за култура Бисера Костадиновска-Стојчевска за нови инвестиции и продолжување на реконструкцијата на Спомен-домот АСНОМ. Станува збор за реализација на втората фаза од проектот за реконструкција на Спомен-дом АСНОМ кој се однесува на реконструкција на дел од Спомен- дом АСНОМ: замена на надворешна столарија и изведба на термоизолациона фасада за зголемување на ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ.

Финансиската поддршка од Министерството за култура изнесува 2,45 милиони денари.

Во своето обраќање на настанот организиран во Владата на РСМ, градоначалникот Трајковски истакна дека по успешната реализација на проектот од минатата година, за реконструкција на фоајето и малата сала од Спомен-домот АСНОМ, Делчево и Министерството за култура продолжуваат со нови инвестиции.

– Успешната реализација на овој проект, ни дава за право и нè обврзува да продолжиме со втората фаза од неговата реализација чија крајна цел е објектот Спомен –дом АСНОМ, кој е белег на градот Делчево, а со самото архитектонско решение и инвестициите, да го етаблираме како објект -културно наследство. Во проектот кој е продолжение на проектот од минатата година, се посветуваме на реконструкцијата на дел од Спомен- дом АСНОМ: замена на надворешна столарија и изведба на термоизолациона фасада за зголемување на ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ што значи намалени трошоци за загревање, но и современ урбан изглед на објектот кој од неговата изградба на почетокот на 80-тите години, прв пат, се преземаат мерки за санација, реконструкција и осовременување, посочи Трајковски.

Трајковски изрази огромна благодарност до министерката Костадиновска- Стојчевска и Министерството за култура што ја препознаа потребата за граѓаните на Делчево и што овозможија со значителни средства да ја поддржат оваа инвестиција која го враќа сјајот на култното место за културата на Делчево, Спомен-домот АСНОМ.

Актуелности

# Делчево ќе биде првата општина каде ќе се реализира иновативен пилот-проект за стари лица



Во Делчево ќе се реализира проект кој на иновативен и паметен начин користејќи ја напредната технологија ќе испорачува социјално-здравствени услуги со што Делчево се запишува како една од двете општини во Западен Балкан и прва општина во земјава, каде ќе се спроведува пилот-проект поврзан со телемедицината.
Носител на проектот е Општина Делчево, а реализацијата е помогната од Мрежата на асоцијации на локални самоуправи НАЛАС, заедно со КДЗ, (Истражувачки центар за јавна администрација) од Австрија за и со финансиска поддршка од Австриската агенција за развој. Целта на проектот е да се поттикнат општините за имплементација на дигитални и иновативни решенија за да се овозможат поквалитетни услуги на граѓаните, да се зајакнат административните капацитети на општините, за да можат со смарт/ паметен начин да ги изврашуваат своите функции.
За реализација на овој проект, Општина Делчево организира презентација на која ги повика сите предвидени чинители. Во присуство на дел од матичните лекари во Делчево, претставници од ОО на Црвениот крст Делчево и ХЗД „Бравура кооператива", како испорачувачи на социјални услуги, се одржа презентација на иновативното решение и на дел од опремата наменета за далечинско следење на витални параметри кај претежно стари и изнемоштени лица кои живеат во оддалечени и рурални средини. Како што истакна Јана Белчева-Андреевска, претставник од НАЛАС, Општината е носител на проектот, а преку проектот ќе се обезбедат уредите кои ќе бидат дистрибуирани до оние граѓани на кои овие уреди им се потребни за да може услугата, односно грижата за нив, да биде обезбедена на поефикасен начин.
– Да ги искористиме можностите на технолошкиот прогрес, за луѓето да добијат подобра грижа, а нивната здравствена состојба да се следи и да им се помага. Се надевам дека ова што сега ќе го имплементира Општина Делчево со наша помош, ќе има ефект на мултипликација на вакви решенија и во други општини, не само во Македонија, туку и пошироко на Западен Балкан, бидејќи телемедицината е еден од елементите за подобра здравствена заштита особено во држави, како кај нас, каде се соочуваме со предизвици за покривање здравствени услуги во руралните подрачја, порача Белчева-Андреевска.
Опремата која ќе се користи е сертифицирана од надлежни органи, а ќе биде мониторинг станица што на одреден временски период ќе ја добие возрасно лице. Виталните параметри ќе ги прикажува графички и нумерички во реално времена централна станица монтирана кај матичен лекар. Давателите на социјални услуги ќе ги пренесуваат уредите кон нови лица, а кај оние каде има утврдена потреба од терапија утврдена од доктор, ќе им ја испорачуваат во домот.
Проектот ќе се реализира во текот на 2024 година при што се очекува да бидат опфатени голем број пациенти од општината, со предност која ќе им се даде на стари и изнемоштени лица од руралните области.

# Заврши социјалното мапирање на ранливите категории граѓани во Делчево

Актуелности



Заврши процесот на социјално мапирање на ранливите категории граѓани со посебен фокус на потребите на лицата со попреченост, жени и девојки со попреченост кој го спроведуваше Општина Делчево во партнерство со НВО „Бравура кооператива“, а во рамките на регионалниот проект „Регионална соработка за подобра социјална инклузија на локално ниво“ имплементиран од Мрежата на асоцијации на локални власти на ЈИЕ – НАЛАС и Асоцијациите на локалните власти од Западен Балкан, а со поддршка на ГИЗ и ЗЕЛС.

По завршениот процес на социјалното мапирање кој го почитува принципот „Не оставајте никој зад себе“, ќе се подготвува Извештај кој има за цел да ги утврди потребите на одделни категории граѓани и предизвиците со кои се соочуваат, со цел да се дефинираат препораките кои ќе бидат формулирани во мерки и активности коишто ќе се преземат од страна на Општината или ќе бидат делегирани на НВО, како овластени даватели на социјални услуги.

На координативната средба која се одржа во Делчево, а на која присуствуваа преставници на клучните институции вклучени во реализација на проектот за регионална соработка за подобра социјална инклузија на локално ниво, беше разговарано и за досегашниот тек на социјалното мапирање во Делчево и во Куманово, подготовката на извештајот, при што беа дадени роковите и насоките за идното дејствување на општините со цел финализирање на активностите во насока на поддршка за проширување на услугите за рехабилитација и реинтеграција на лица со попреченост, жените и девојки со попреченост и мигрантите (повратниците од странство).

Начелото „Не оставај никој зад себе“ (LNOB) е централно и трансформативно ветување на Агендата 2030 на ОН која се стреми никој да не остане изоставен во напорите за одржлив развој. Ова подразбира дека властите ќе треба да посветат посебно внимание на потребите на најзагрозените и маргинализирани групи, како и да развијат наменски интервенции за осврнување кон конкретните потреби и предизвици. Економиите од регионот на Југоисточна Европа (ЈИЕ) се имаат обврзано да ги имплементираат Целите за одржлив развој (ЦОР) на Обединетите нации, додека, пак, локалните самоуправи ја имаат преземено обврската за остварување на Агендата 2030, почнувајќи од самото утврдување на целите и специфичните цели, па сè до средствата за нивно спроведување и користење индикатори за мерење и следење на напредокот. Воедно со локализацијата на Агендата 2030 во фокусот на одржливиот развој се најдоа териториите и приоритетите на луѓето кои живеат таму, како и нивните потреби и ресурси. Повеќе од кога и да е претходно, постигнувањето на ЦОР зависи од способноста на локалните и регионалните самоуправи да поттикнуваат интегриран, инклузивен и одржлив територијален развој.

# Презентирани добрите практики на Делчево за креирање родово одговорни локални програми




На работилницата посветена на размената на искуства и родово одговорно креирање политики и буџетирање која се одржа деновиве во Ресурсниот центар за родова еднаквост во Скопје, Општина Делчево ги презентираше добрите практики за креирање родово одговорни локални програми. Во презентацијата беше направена анализа на досегашните напори за интегрирање на родовиот концепт во локалните планови и програми и беа детектирани слабите страни, но и предизвиците и обврските кои треба да се преземат наредниот период за конечна имплементација на родовиот концепт во целокупното работење на Општината и воведувањето родово одговорно буџетирање.

Работилницата беше во организација на МТСП и UN Women, а свои искуства и добри практики, како и проблеми во работењето споделија координаторите/ките за еднакви можности на жените и мажите од 22 единици за локална самоуправа (ЕЛС).

Работилницата послужи како платформа за меѓусебно учење и поддршка, споделување добри практики и предизвици во интегрирањето на родовата перспектива и родово одговорно буџетирање во програмирањето и работата на ЕЛС. Препораките кои произлегоа од дискусиите беа развиени заедно со МТСП и ќе бидат проследени со соодветни активности за застапување и унапредување на воспоставените практики кои произлегуваат од Законот за еднакви можности и Националната стратегија за родова еднаквост. За време на работилницата секоја општина разви план за менторство кој детално ги дефинира насоките и чекорите за интегрирање на родова перспектива во своите политики.

Оваа активност е само една од низата кои следуваат во насока на зајакнување на локалните механизми за родова еднаквост и зајакнување на синергијата и соработката помеѓу сите засегнати страни.

Актуелности

# Промовирана новата Стратегија на Општина Делчево за соработка со граѓанскиот сектор

Актуелности



Во рамки на проектот „Силни организации за одржлив локален развој“, Регионалниот центар за застапување – Делчево ги презентираше проектните резултати од нејзината осуммесечна имплементација. На настанот се зборуваше за значењето на граѓанскиот сектор во развојот на локалната заедница, како клучна цел на овој проект. Клучен продукт од овој проект е новата Стратегија за соработка на граѓанскиот сектор со Општина Делчево за периодот 2024-2028 година, како стратешки документ што реално ги отсликува клучните области, каде граѓаните имаат потреба од најголем развој.

Родне Деолска од РЦЗ истакна дека овој документ ќе биде основа за развој и соработка со локалните чинители во периодот што следува.

– Во рамки на проектот, креирано е промотивно видео и снимени се два подкаста за подигање на јавната свест за вклучување на граѓаните во процесите на донесување одлуки на локално ниво. Граѓанските организации се огледало на граѓанските потреби и проблеми. Граѓаните треба да знаат дека преку нив, имаат можност да споделат барања, проблеми, потреби, а организациите треба да се тука, да ги застапуваат и да помогнат во нивно решавање пред институциите, истакна Деолска.

Актуелности

# Објавени општинските стипендисти

Комисијата за доделување ученички и студентски стипендии ја утврди листата на ученици и студенти кои ќе добиваат стипендии за учебната 2023/2024 година, согласно конкурсите за доделување ученички и студентски стипендии за ученици кои учат во СОУ „М.М.Брицо“ и студенти од Делчево кои учат на државните факултети.

**Ученички стипендии**

Општина Делчево за учебната 2023/2024 година додели **19 стипендии** за ученици кои учат во СОУ„Методи Митевски Брицо“ во две категории.

По точка еден ученички стипендии, општинска стипендија ќе добиваат следните ученици:

Маринела Тренчевска – трета година
Ангела Петровска – четврта година
Марија Магдалена Стоименовска – трета година

Учениците ќе ја добиваат стипендијата за период од девет (9) месеци, а висината на стипендијата е 1.000 денари.

По точка два, добитници на ученички стипендии за одлични ученици од СОУ„М.М.Брицо“ кои постигнале особено висок успех во учењето се:

Дарија Спасевска – четврта година
Ива Цонева – втора година
Теодора Тодоровска – четврта година
Лука Стоименовски – втора година
Ивана Дамјановска – втора година
Марија Салтировска – втора година
Ива Ивановска – четврта година
Вања Ѓеоргиевска – втора година
Филип Петровски – четврта година
Андреа Димитровска – трета година
Јана Попова – втора година
Милена Ордева – четврта година
Стефанија Ќурчиска – трета година
Дамјан Маневски – четврта година
Елена Митевска – трета година
Сара Петровска – трета година

Учениците ќе ја добиваат стипендијата за период од девет (9) месеци во износ од 1.500 денари месечно.

**Студентски стипендии**

По точка еден од студентски стипендии беше поднесено едно барање, а согласно со критериумите стипендија доби:

Каролина Калаџиска – студент на правен факултет, трета година

Општинската студентска стипендија е во месечен износ од 2.000 денари и таа ќе се добива за период од 9 месеци.

По точка два од студентски стипендии беше поднесено едно барање, а согласно со критериумите стипендија доби:

Гоце Аџиски – студент на градежен факултет, трета година

Општинската студентска стипендија е во месечен износ од 3.500 денари и таа ќе се добива за период од 9 месеци.

Актуелности

# Делчево одбележа 152 години од раѓањето на патронот Делчево



Делчево со пригодна свеченост одбележа 152 години од раѓањето на патронот на градот, Гоце Делчев, апостол на македонската револуционерна борба, идеолог, организатор и водач на македонското револуционерно националноослободително движење кон крајот на XIX и почетокот на XX век.

Свеченоста се одвиваше пред споменикот на Гоце Делчев во центарот на Делчево.

По повод датумот од раѓањето на великанот Делчев, 4 февруари, за животот и делото на Гоце Делчев, реферат подготвија членови на КУД „Гоце Делчев“, а пред споменикот на Делчев се поклонија и свежо цвеќе положија: делегација од Општина Делчево предводена од градоначалникот Горан Трајковски, како и претставници од Советот на Општина Делчево, претставници од институциите, политички партии, здруженија на граѓани.





Актуелности

# Одбележана 80-годишнината од Февруарски поход



Во организација на Општина Делчево, денеска на планината Голак се одбележа 80-годишнината од Февруарскиот поход. По тој повод беше организирана пригодна свеченост пред спомен-плочата која го чува споменот за походот на Народноослободителната војска на Македонија која во февруари 1944 година извршила оперативни дејства на територијата на Источна, Централна и Западна Македонија, а дел од маршрутата на Третата борбена единица била и планината Голак заедно со Беласица, Плачковица и Осогово.

По повод годишнината од Февруарскиот поход, членови на КУД „Гоце Делчев" преку рецитал потсетија на историските факти кои го одбележаа овој стратешки поход изведен во 1944г., по што пред спомен-обележјето се поклонија и свежо цвеќе положија: делегација од Општина Делчево, предводена од градоначалникот Горан Трајковски, делегација од Советот на Општина Делчево, претставници на политички партии, на здруженија на граѓани.

Организатор на настанот е Општина Делчево, а покровител е градоначалникот, Горан Трајковски.

– Во годината кога се одбележува значаен јубилеј 80 години слободно Делчево, денеска со достојна почит се сеќаваме и го одбележуваме настанот кој имал клучно значење за остварување на крајната цел на НОВ-ослободување на Македонија, АСНОМ, а со тоа ослободување на нашето Делчево. Успешното изведување на Февруарскиот поход пред точно 80-години имало извонредно историско и воено значење за македонската антифашистичка борба. Февруарскиот поход, кој траел еден месец, со поминати околу 400 километри во должина, во најнеповолни временски услови, покажал дека антифашистичката борба има масовен општонароден карактер во Македонија. Ова нè обврзува да се потсетиме на еден бурен период и да оддадеме почит на жртвите дадени за живот во слободна и самостојна македонска држава. Наследството од НОВ го трасира нашиот пат за иднината, да се вложиме сите кон европско издигнување на нашата држава имплементирајќи ги европските вредности, рече градоначалникот Трајковски.

Традиционалниот планинарски марш ќе се организира в недела на 25 февруари во партнерство со ПСК „Голак" од Делчево.

# Никнува гинко-парк во Делчево — Донација на семејството Давиткови

Актуелности



Околу 50 од вкупно планираните 90 садници од јапонското дрво гинко-билоба, викендов беа засадени во паркот којшто се подготвува во близина на градскиот стадион во Делчево. Паркот е донација на сестрите Лиле и Сузана Давиткови со цел да се сочува споменот на нивниот покоен татко, Асен Давиктков, познат шумарски инженер и долгогодишен директор на ЈП Шумско стопанство „Голак“- Делчево, а по повод неговиот 90-ти роденден.

Како што истакнаа неговите ќерки Лилјана и Сузана целта е да се продолжи неговото дело и мисијата за зачувување и љубовта кон шумите.

-Се одлучивме за гинко- билоба, затоа што е одличен прочистувач на воздухот и од тие причини е дел од градското зеленило на многу градови, а особено во светските метрополи, но и заради симболот за долговечност. Сепак, главната причина е затоа што тоа било првото дрво кое во Делчево го има донесено нашиот татко кој својот работен век го помина во претпријатието Шумско стопанство „Голак“, рече Лилјана Давиткова-Живковиќ.

Асен Давитков има дадено огромен придонес за развојот на планината Голак, учествувајќи во изградбата на секоја патека, чешма кои во тоа време се направени под негово раководство и организација, а учествувал или бил дел од изградбата на скоро сите објекти и спортски терени на планината. Пошумувањето било негова мисија, но и пасија.

Поддршка за реализација на проектот за гинко-парк во Делчево даде Општина Делчево и ЈКП „Брегалница“ Делчево кои го подготвија просторот, каде што никнува овој уникатен парк во Делчево.





Култура

# Ученици го одбележаа Денот на мајчиниот јазик



Ученици од основните училишта од Делчево со рецитирање стихови од познати македонски автори го одбележаа Меѓународниот ден на мајчиниот јазик, 21 Февруари. Настанот на кој се слушаа прекрасните стихови од современата македонска поезија беше во организација на ЈЛБ „ИЛинден" со што оваа институција даде свој придонес во одбележување на Меѓународниот ден на мајчиниот јазик. Како што истакна директорката на ЈЛБ „Илинден", Билјана Петровска, Денот на мајчиниот јазик е одличен повод учениците од пониските одделенија од мали години да го восприемат значењето на денот кој го прославува мајчиниот јазик.

Македонскиот јазик е наш мајчин јазик, јазикот на кој ги изговараме првите зборови, јазикот со кој растеме, учиме, се развиваме и јазикот со кој комуницираме со другите. Македонскиот јазик е јазикот на кој ги читаме сите прекрасни книги и преку кој го осознаваме светот и се спознаваме себеси. Македонскиот јазик е јазикот на кој твореле Петре М. Андреевски, Блаже Конески, Ацо Шопов, Анте Поповски, Гане Тодоровски, Матеја Матевски, Кочо Рацин и останатите македонски книжевни великани. Да не беше македонскиот јазик, никогаш немаше да ги имаме безвременските стихови и мисли кои ни се врежани во умот и срцето, истакна Петровска.

## Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk



**Издава: Општина Делчево**

**Уредник: Даниела Такева**

**Техничка обработка: Влатко Мицевски**

**Соработник: Благица Петровска**

**Фотографија: Општина Делчево**

**Лектор: Даниела Такева**


**„ИНФО ДЕЛЧЕВО“ на веб:**
**delcevo.gov.mk**